ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ
ПЛАНОВИ
Бр. 04-631/1
23.02.20 26 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 37-и од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), член 22 и 23 од Законот за работните односи („Сл. весник на РМ“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на поднесување на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата и бодирање во постапката за селекција за вработување во ЈП за ПУП Прилеп, а согласно Годишниот план за вработување во 2026 година во ЈП за ПУП Прилеп, ВД Директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2026
за вработување на давател на јавна услуга
на неопределено време

1.Проектант, шифра КДР 03 05 Б01 073- 1 извршител и
Општи услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за работното место **Проектант**
- најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VI Б степен,Архитектура, урбанизам и планирање
- со работно искуство за нивото Б1 најмалку три години работно искуство во струката
-Овластување „Б“ за изработка на проектна документација
-Овластување „Б“ за ревизија на проектна документација
Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот,и нето плата 49.969,00 денари.

Кон пријавата, кандидатите потребно е да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место (во оригинал или копија заверена на нотар):

Доказ за државјанство,

Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,

Лекарско уверение за општа здравствена способност,
Доказ уверение-диплома за завршено соодветно образование,
Доказ за работно искуство (документ од АВРМ)

Дополнителни документи за работното место **Проектант**

Овластување „Б“ за изработка на проектна документација и
Овластување „Б“ за ревизија на проектна документација

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и нивно бодирање и интервју.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава за вработување која може да се подигне во архивата на ЈП за ПУП Прилеп на адреса Ул.Крушевска бр.11А Прилеп, или на веб страната на претпријатието www.jpzapup.com.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат (во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот), а истиот е објавен и на интернет страницата на претпријатието.

Пријавите со сите потребни документи да се достават на адреса: ЈП за ПУП Прилеп, Ул.„Крушевска“ бр.11А Прилеп, лично или по пошта. Контакт телефон 048/401-725.

Ненавремените, некомплетни и неуредно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп
ВД Директор
Игор Неделкоски